## ЛИСТА НА ПРОВЕРКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЕКТОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

| Прашања што треба да се земат предвид | Да / Не / ? /Несоодветно (НА) (НА – доколку прашањето не е релевантно за конкретниот проект)<br>Накратко да се опише. | Дали ова ќе доведе до значителни влијанија? Да/Не/? – Зошто? |
|---|---|---|

Краток опис на проектот:
Делницата која е предмет на овој проект е Нова Брезница - Кула - Коломот со должина од околу 16км. Проектираната траса воглавном го прати постојниот пат до месноста Кула на надморска висина од 1200м. Постојниот коловоз е тесен со остри кривини со ширина од 2.50до 3.0км.
Понатаму низ шумскиот резерват Јасен патот е тесен со ширина до 2.5м со остри кривини, а надолжниот наклон е променлив и достигнува до 15% и 16% до месноста Капина. Понатаму патот продолжува по долината до одвојувањето кај Оча и ова место се нарекува Коломот.
Во студијата ќе бидат опфатени алтернативни траси (варијанти) кој се разгледувани од аспект на изводливост на работите, економски аспект и од аспект на заштита на животната средина.
Теренот низ кој поминува трасата на патот може да се подели на три дела и тоа:
од Нова Брезница до Кула е ридчест
од Кула до Капина е планински со стрмни падини.
од Капина до Коломот е ридчест

| | | |
|---|---|---|
| 1. Дали изградбата, работењето или затворањето на проектот ќе содржи активности кои ќе предизвикаат физички промени на локалитетот (топографија, користење на земјиштето, промени во водните тела итн.)? | Да<br>Трајно ќе се зафатат одредени површини со пробивање на трасата и делумна промена на топографијата. | Делумни влијанија, бидејќи дел од трасата навлегува во Шумскиот резерватот Јасен |
| 2. Дали при изградбата или работењето на проектот ќе се користат природни ресурси како што се земјиште, вода, материјали или енергија, а особено ресурси што не се обновливи или се оскудни? | да<br>Ќе се користат природни ресурси, земјиште. Вода во мали количини при изведување на работите енергија само во тек на изведување на работите за механизацијата која ќе се користи. | Делумни влијанија, бидејќи дел од трасата навлегува во Шумскиот резерватот Јасен каде што ќе се пробива патот. |
| 3. Дали проектот ќе опфати употреба, чување, транспорт, постапување со или производство на супстанции или материјали што би можеле да бидат штетни по здравјето на луѓето или по животната средина, или што би предизвикале загриженост во врска со реални или перцепирани ризици по здравјето на луѓето? | не | не |

| Прашања што треба да се земат предвид | Да / Не / ? /Несоодветно (НА) (НА – доколку прашањето не е релевантно за конкретниот проект)<br>Накратко да се опише. | Дали ова ќе доведе до значителни влијанија? Да/Не/? – Зошто? |
|---|---|---|
| 4. Дали проектот ќе произведува цврст отпад за време на изградбата, работењето или затворањето на инсталацијата? | да<br>делумен отпад од расчистување на терност, а друг дел ќе се вгради во трупот на патот | не<br>бидејќи поголемиот дел ќе се вгради во трупот на патот |
| 5. Дали проектот ќе испушта загадувачки материи или некои опасни, токсични или штетни супстанции во воздухот? | да<br>Во тек на експлоатација има испуштање на издувни гасови од возилата, кои не ги надминуваат МДК. | не<br>издувните гасови од возилата, не ги надминуваат МДК. |
| 6. Дали проектот ќе предизвика бучава и вибрации или ослободување на светлина, топлинска енергија или електромагнетни зрачења? | да<br>Во тек на градба ќе има бучава од градежната механизација и транспортните средства<br>Во тек на експлоатација има појава на бучава од возилата | делумно<br>за растојанија помали од 50 метри. |
| 7. Дали проектот ќе доведе до ризици од контаминација на земјиштето или водата од испуштања на загадувачки материи врз земјиштето или во површинските води, крајбрежните води или морето? | да<br>Но со проектот ќе се превземат мерки за заштита на водите и земјиштето. | незначителни ,<br>бидејќи со проектот ќе се превземат мерки за заштита на водите и земјиштето. |
| 8. Дали постои ризик од несреќи за време на изградбата или работењето на проектот кои би можеле да влијаат врз човековото здравје или животната средина? | да<br>Сообраќајни незгоди во тек на градење се можни од судар на транспортните средства кои што довезуваат разни материјали и опрема, опасности од минирање, бидејќи патот се пробива низ цврсти стени | не<br><br>Воколку се постапува според сите предвидени стандарди за изведување на работите, освен во случај на хаварии |
| 9. Дали проектот ќе доведе до социјални промени, како на пример во однос на демографијата, традиционалниот начин на живот, вработеноста? | да<br>смалена миграција на населението, можност за нови вработувања, поголема достапност до урбаните, административните и културните центри | да во позитивна смисла |

| Прашања што треба да се земат предвид | Да / Не / ? /Несоодветно (НА) (НА – доколку прашањето не е релевантно за конкретниот проект)<br>Накратко да се опише. | Дали ова ќе доведе до значителни влијанија? Да/Не/? – Зошто? |
|---|---|---|
| 10. Дали постојат и други фактори што треба да се земат предвид како на пример последователниот развој кој што би можел да доведе до влијанија врз животната средина или до можност за кумулативни влијанија со други постоечки или планирани активности на локалитетот? | да<br>се подига вредноста на земјиштето,<br>развој на нов вид стопански дејности,<br>производите од локалното население побрзо доаѓаат до потрошувачите,<br>подигање на семејниот стандард | да<br>во позитивна насока |
| 11. Дали постојат области на или околу локалитетот кои се заштитени со меѓународно, национално или локално законодавство поради нивните еколошки, пределски, културни или други вредности, а кои би можеле да бидат засегнати од проектот? | не<br>Од седмиот километар од месноста Кула до крајот на трасата патот навлегува во шумскиот резерват Јасен. Во тек на градба треба да се внимава на евентуални археолошки наоѓалишта, или други природни реткости кои досега не се регистрирани. | не<br>но во тек на градба треба да се внимава на евентуални природни реткости или археолошки наоѓалишта. |
| 12. Дали постојат некои други области на или околу локалитетот кои се важни или чувствителни од еколошки аспект, како на пример водни живеалишта, водотеци или други водни тела, крајбрежна зона, планини, шуми, а кои би можеле да бидат засегнати од проектот? | да<br>И на локалитетот и околу него се наоѓа шумскиот резерват Јасен. | да<br>се наоѓаат заштитени виови на растителен и животински свет |
| 13. Дали постојат некои други области на или околу локалитетот што ги користат заштитени, важни или чувствителни видови на фауна и флора, на пример за размножување, гнездење, барање храна, одмор, презимување или преселба, а кои би можеле да бидат засегнати од проектот? | да<br>на локалитетот и на поголеми растјанија | да<br>особено во период на изградба на патот поради јаки детонации од минирање и распркување на материјалот од минирањето |
| 14. Дали постојат копнени, крајбрежни, морски или подземни води на или околу локалитетот кои би можеле да бидат засегнати од проектот? | не<br><br>само суводолици | не |

| Прашања што треба да се земат предвид | Да / Не / ? /Несоодветно (НА) (НА – доколку прашањето не е релевантно за конкретниот проект)<br>Накратко да се опише. | Дали ова ќе доведе до значителни влијанија? Да/Не/? – Зошто? |
|---|---|---|
| 15. Дали постојат области или карактеристики од висока пределска или живописна вредност на или околу локалитетот кои би можеле да бидат засегнати од проектот? | да<br>бидејќи дел од патот поминува низ шумскиот резерват Јасен. | да |
| 16. Дали постојат патишта или објекти на или околу локалитетот што јавноста ги користи за пристап до рекреативни или други објекти, а кои би можеле да бидат засегнати од проектот? | не | не |
| 17. Дали постојат транспортни патишта на или околу локалитетот што се подложни на закрчување или што создаваат еколошки проблеми, а кои би можеле да бидат засегнати од проектот? | не | не |
| 18. Дали проектот е на локација каде постои веројатност да биде видлив за голем број луѓе? | да | да |
| 19. Дали постојат реони или карактеристики од историска или културна важност на или околу локалитетот што би биле засегнати од проектот? | не<br>Постојат области околу локалитетот но не се засегнати со проектот. | не |
| 20. Дали проектот е лоциран на празен простор (на кој никогаш немало градба), со што ќе дојде до загуба на празно („гринфилд") земјиште? | да<br>делумно е изведен пат, а делумно не е. | да |
| 21. Дали во моментов има некои употреби на земјиштето на или околу локацијата (на пример за живеалишта, градини, друг приватен имот, индустрија, трговија, рекреација, отворени јавни површини, објекти во заедницата, земјоделие, шумарство, туризам, рударство или каменоломи) што би можеле да бидат засегнати од проектот? | да<br>тоа е делумно обработливо, делумно деградирано, делумно засадено со шуми а делумно со нискостеблеси растенија. Воедно локалитето преставува туристичко место рекреација и за ловен туризам | да |
| 22. Дали постојат планови за идни употреби на земјиштето на или околу локацијата што би можеле да бидат засегнати од проектот? | не | не |

| Прашања што треба да се земат предвид | Да / Не / ? /Несоодветно (НА) (НА – доколку прашањето не е релевантно за конкретниот проект)<br>Накратко да се опише. | Дали ова ќе доведе до значителни влијанија? Да/Не/? – Зошто? |
|---|---|---|
| 23. Дали постојат области на или околу локалитетот што се густо населени или изградени, а што би можеле да бидат засегнати од проектот? | не | не |
| 24. Дали постојат области на или околу локалитетот што се зафатени од некои чувствителни употреби на земјиштето, на пример болници, училишта, верски објекти, објекти во заедницата, а што би можеле да бидат засегнати од проектот? | не | не |
| 25. Дали постојат области на или околу локалитетот што содржат важни, висококвалитетни или оскудни ресурси како на пример подземни води, површински води, шуми, земјоделско земјиште, рибници, туристички ресурси или минерали, а што би можеле да бидат засегнати од проектот? | да<br>Шуми, туристички ресурси | да |
| 26. Дали постојат области на или околу локалитетот што се веќе предмет на загадување или на штети врз животната средина, на пример каде постојните законски стандарди за животната средина не се почитуваат, а што би можеле да бидат засегнати од проектот? | не | не |
| 27. Дали местото каде е лоциран проектот е подложен на земјотреси, спуштање на земјиштето, лизгање на земјиштето, ерозија, поплави или екстремни/лоши климатски услови како на пример големи температурни разлики, магли, силни ветришта, а што би можеле да доведат до тоа проектот да предизвика еколошки проблеми? | не | не |